SKOVIN
Winery



# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СКОВИН АД ЗА 2018 ГОДИНА

## Вовед

Сковин АД Скопје во 2018 година откупи 6.950.240 килограми грозје. Од сопствените лозови насади Сковин АД Скопје имаше принос од 702.000 килограми винско грозје. Вкупно беа преработени 7.652.240 килограми, од кои беше добиено наливно квалитетно вино од 5.414.000 литри, со рандман од 70,75%.
Асталско грозје беше набрано 16.271 килограм на локација Сопот и целата количина беше продадена во сопствени продавници.

Во продолжение се податоците на поединечните сектори на СКОВИН АД:

## Извештај за Сектор лозарство

### Р.Е Маркова Сушица

Во 2018 год. е набрано винско грозје со количина од 42.640 кг од кои :

### Р.Е Сопотско поле

Во 2018 год. е произведено грозје со количина од 369.111 кг од кои :

винско : 352.840 кг

асталско : 16.271 кг

### Р.Е Сирково

Во 2018 год. е набрано винско грозје со количина од 306.520 кг.

## Извештај за продажба

Од реколтата 2018 година Сковин АД започна со испораки на наливно вино во почетокот на 2019 година. Испорките се одвиваат согласно склучените договори со сталните купувачи, но се бараат и нови пазари кои ќе понудат подобри услови.
Извозот е насочен кон земјите од Балканот, ЕУ, Русија, Јапонија и Кина.
Оваа година на пазарот има зголемена понуда на вино поради поповолни услови за производство на вино во конкурентските земји, што е резултат на поголеми приноси на грозје кај истите.

**ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ на СКОВИН АД Скопје за 2018 година**

| **во илјади денари** | **2018** | **2017** |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 172,783 | 210,326 |
| Останати оперативни приходи | 16,355 | 4,150 |
| Финансиски приходи | 70 | 184 |
| **Вкупно приходи** | **189,208** | **214,660** |
| Промена на вредноста на залихите на готовите производи и производството во тек | 20,549 | -3,822 |
| Потрошени материјали и ситен инвентар | -108,958 | -78,026 |
| Трошоци за вработените | -34,690 | -37,136 |
| Амортизација | -12,688 | -13,089 |
| Набавна вредност на продадени стоки и матер. | -2,729 | -12,468 |
| Останати оперативни расходи | -162,874 | -58,514 |
| Финансиски трошоци | -5,602 | -11,093 |
| **Вкупно трошоци и расходи** | **-327,541** | **-210,326** |
| **Добивка/загуба пред оданочување** | **-117,784** | **512** |
| Данок на добивка | 0 | -238 |
| **Добивка/загуба по оданочување** | **-117,784** | **274** |

Од вкупно остварените приходи од продажба во 2018 година 39.115 илјади денари се остварени од продажба на домашен пазар, а 133.668 илјади денари се остварени од продажба на странски пазари. Вкупните приходи од продажба во 2018 година се помали за 17,7% во однос на вкупните приходи од продажба остварени во 2017 година.

Кај расходите од работење Сковин АД бележи зголемување од 61,5% во однос на 2017 година , односно во 2018 година се 321.939 илјади, а во 2017 година изнесувале 199.232 илјада денари, пред се поради зголемени откупени количини на грозје.

Одборот на Директори во Сковин АД Скопје е во состав од 4 (четири) члена, од кои 3(три)члена се неизвршни , а 1(еден) член е извршен .

На извршниот директор на Сковин АД Скопје во текот на 2018 година по основ на плати и надоместоци на плати му е исплатено 904.333,00 денари, во бруто износ, а по основ на осигурување и други права (регрес за годишен одмор) во извештајната година му е исплатено 10.739.00, во бруто износ.

По основ на членство во органите на управување, во други друштва, членовите на Одборот на директори на Сковин АД Скопје во извештајната година им е исплатено 1.202.109,00денари, во бруто износ.

Неизвршните членови на одборот на директори немаат статус на вработени лица во Сковин АД Скопје и друштвото им нема исплатено надоместоци за нивната работа во Одборот на директори.

Скопје, 25.03. 2019година

В.Д Извршен директор

Билјана Тодоровска

Друштво за земјоделско-сточарско производство, преработка и промет на големо и мало СКОВИН АД увоз-извоз 2 Скопје